РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-605
22.03.2018 година
С К О П Ј Е

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 27-3-2018

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 505 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 1409-402/2 од 23.02.2018 година за акредитација на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Ветеринарна медицина, Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-312 од 26.02.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-605 од 27.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-605 од 12.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 14.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-605 од 15.03.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Именуваните
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити